09-642/5
18-08-2025

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 21 – та седница одржана на 15.08.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот заведен под број 09-636/1 од 07.02.2024 година, оформен против службеното лице ---------, В.Д. директор на Националната установа ------- Скопје, СЕ ЗАПИРА.
ДКСК утврди дека наводите од пријавата се потврдуваат поради тоа што против службеното лице е спроведена постапка за порамнување за сторен прекршок по член 75 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.
ДКСК нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај, бидејќи е настаната и промена на фактичката состојба, службеното лице не ја извршува повеќе функцијата В.Д. директор на Националната установа Конзерваторски Центар – Скопје.
Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на пријава од познат подносител, Државната комисија постапуваше по предмет со бр. 12-5422/1 од 22.11.2023 година со наводи за судир на интереси и коруптивни дејствија. Државната комисија на својата 100-та седница одржана на 06.02.2024 година донесе Одлука за запирање на постапката по истиот предмет во Секторот за спречување на корупција и да се оформи предмет со службена белешка во Одделението за спречување на судир на интереси и лобирање со бр.09-636/1 од 07.02.2024 година.
Имено, во пријавата поднесителот наведува дека службеното лице --------, ВД директор на Националната установа ------- – Скопје поради сомневање на трговија со влијание, корупција и конфликт на интереси на истото наведено лице и членовите на стручната комисија формирана од него која го издава позитивното мислење до -------Скопје на 08.11.2023 година. Исто така, поднесителот наведува дека директорот на установата е воедно и член на Комисијата за урбанизам на општина -----, каде го одобрил и дава позитивно мислење за

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

урбанистичкиот проект за објектот за кој потоа неговата установа издава конзерваторско мислење, поради што смета дека ова е основа за конфликт на интереси.

Заради целосно утврдување на фактичката состојба по предметот, Државната комисија од целосната документација и информација добиена од страна на Државниот управен инспекторат и од Општина ----, констатираше дека службеното лице ------, ВД директор на Националната установа ----- – Скопје, на ден 08.11.223 година издава конзерваторско позитивно мислење до --------- Скопје со бр. 08-688/3 по основен проект (Архитектура) – Домување во станбени згради --------, Скопје изработена од ------ Скопје.

Имено, предходно со Решение бр. 08-688/2 од 03.11.2023 година службеното лице -------- формира стручна комисија со задача да изготват Конзерваторско мислење за извршена стручна контрола на основен проект (Архитектура) – Домување во станбени згради ул. "-------- , Скпје иработена од ------- Скопје за инвеститорите -------- Скопје. Стручната комисија го издава позотивното Конзерваторско мислење на кое е потпишан и ------- како ВД директор на Националната установа ------ – Скопје.

Истото лице предходно било дел од Комисијата за урбанизам, формирана со Решение бр.11-4663/1 од 08.06.2023 година од страна на Градоначалникот на општина ------. Комисијата издава позитивно мислење по однос на барањето за одобрување на изработка на Урбанистичкиот план за парцелно градежно земјиште со бр.45-6755/3 од 06.10.2023 година, со тоа што се продолжува постапката за донесување на Убанистичкиот проект за парцелно градежно земјиште за за разработка на ГП 6.1 Од ДУП за Градска четврт 3 05, со намена А2 Домување во станбени згради оптина -----, Скопје.

Врз основа на се погоре наведено, Државната комисија констатираше дека службеното лице -----------, В.Д. директор на Националната установа ------- – Скопје, постапил спротивно од член 75 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, со што сторил прекршок, казнив по член 107 став 1 алинеја 1 од истиот закон.

Поради констатираниот прекршок на одредбите од ЗСКСИ, Државната комисија спроведе постапка за порамнување против лицето --------- и до истиот достави Прекршочен платен налог со бр.09-642/2 од 06.02.2025 година и Записник за констатиран прекршок со бр. 09-642/1 од 06.02.2025 година. ------ уплати половина од изречената глоба во рок од осум дена од денот приемот на прекршочниот платен налог.

Државната комисија исто така изврши увид во Историјатот на Националната установа ----- – Скопје во Централниот регистар на РСМ и ------- повеќе не ја извршува функцијата В.Д.

директор на Националната установа ------- – Скопје, разрешен е од страна на Министерството за -------- со Решение бр. 44-11242/2 од 15.12.2023 година.

Од наведените причини, Државната комисија нема елементи за понатамошно постапување по што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

По заклучок од седница на ДКСК,
Изготвил: М.М. - соработник
Контролирал: К.З. – раководител на сектор
Одобрил: З.Б. - член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk